**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Бр. 0803-263/5**
**Скопје, 25/03/2009 година**

**ДО**
**ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената тематска ревизија во Царинска управа на Р.М. на процесот на управување со запленетата стока во однос на нејзиното привремено задржување, евидентирање, сместување, продажба и распределба на средствата остварени со продажбата.

2. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена согласно член 1,2 и 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено тематска ревизија и не е изготвен извештај за процесот на управување со запленетата стока.

4. Управувањето со запленетата стока од точка 1 на овој Конечен извештај, претставува одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

   - Ванчо Каргов, директор на Царинската управа во 2007 година.

5. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.01.2009 до 14.01.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

6. Цел на ревизијата на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали процесот на управување со запленетата стока се врши согласно законските прописи и дали е создадена објективна можност за ефикасно менаџирање со истата.

7. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека процесите, односно воспоставениот систем на интерни контроли, оневозможува злоупотреби а со тоа и погрешни прикажувања.
   Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

8. Ревизијата вклучува идентификување на сите фази на царинското складирање на одземени и отстапени стоки според одредбите од Царинскиот закон. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- ✓ Законот за Царинската управа и Царинскиот закон,
- ✓ Упатство за начинот на постапување со одземени или отстапени стоки и постапка за нивна продажба,
- ✓ Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка;
- ✓ Непосреден увид во централниот магацин за одземена стока.

9. Пристап на ревизијата

При вршењето на ревизијата применети се постапки за утврдување на:

- ✓ постапките за превземање на стоките и нивната евиденција,
- ✓ просториите (царински склад) за сместување и чување на одземените или отстапени стоки,
- ✓ висината на трошоците за сместување и чување на одземените или отстапени стоки,
- ✓ постапка за продажба и распределба на средствата стекнати по тој основ.

10. Со ревизијата е констатирана следната состојба:

**10.1 Систем на интерни контроли**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на управување со одземена и отстапена стока, ревизијата изврши посета на централниот магацин за одземена и отстапена стока и преку спроведеното интервју со вработените констатира дека:

- ✓ Со Правилникот за систематизација и организација на работните места на Царинската управа на Р.М. е предвидено работно место – магационер кој треба да се грижи за превземање, сместување, чување и евидентирање на стоката во магацинот, но до денот на ревизијата сеуште не беше пополнето;
- ✓ Операторите за сместување и чување на стоката ги извршуваат и работите предвидени за магационерот, а преносот на стоката се извршува само со еден виљушкар со кој управуваат операторите и манипулативните работници кои не поседуваат соодветен положен испит за истото. Имено, не постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на должностите и одговорностите на вработените поради што постои ризик од злоупотреба на одземената стока;
- ✓ Превземени се мерки за расчистување на запленетата стока преку продажба на правни и физички лица како и преку донации на државни институции, поради што видно е намалена залихата на истите.

**Препорака**

Поради итноста од евидентно водење и средување на зголемениот обем на предметните стоки во магацинот, како и навремено исполнување на работните задачи од страна на одделението, Царинската управа на Р.М. да ги превземе сите мерки за пополнување на работни места предвидени со систематизацијата.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

### 10.2. Примена на законски акти

Со увид во постапката на продажба и отстапување на одземената и отстапена стока, ревизијата констатира дека:

- извршено е бесплатно отстапување на одземената стока врз основа на поднесено барање од државен орган и хуманитарна организација а по добиено одобрение од Министерството за финансии,
- Службата за продажба и Комисијата за подготовка и продажба на царинска стока врши редовна контрола на запленетата стока, дава предлози за нејзино отстапување и одредува вредности за отуѓување.Но, поради низа системски слабости и поради високо поставена вредност на стоката, истата повеќе години неможе да се отуѓи, поради што многу е амортизирана и на истата нанесена е сериозна материјална штета.

Наведеното оневозможува согледување на фактичката состојба на залихата, следење на роковите за чување, фазите на продажба и предизвикува големи трошоци за ускладиштување и можност од злоупотреба на одземената стока.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1 и 10.2 процесот на управување со запленетата стока се врши согласно законските прописи и остварени се објективни услови за менаџирање со истата.

Скопје, 20/03/2009 година

**Овластен Државен Ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311